МРТ

# МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

Бул. Гоце Делчев бр.18 1000 Скопје

www.mrt.com.mk

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) и Правилникот за систематизација на работни места на Јавниот радиодифузен сервис Македонска радио-телевизија бр.01-2083/4 од 24.04.2020 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систамтизација на работните места во ЈРП Македонска радио-телевизија бр.01-2083/21 од 14.10.2020 година, како и член 5 од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија, бр.01-4981/2 од 13.11.2020 година, Директорот на МРТ распишува:

Бр. 04-5226/1
24-11-2020 год.

## ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.23/2020

За

Пополнување на работно место со унапредување на 1 давател(и) на јавна услуга во ЈРП Македонска радио-телевизија

ЈРП Македонска радио-телевизија објавува интерен оглас за унапредување на 1 давател на јавна услуга за следното работно место:

**1. ИНФ 03 04 А02 002 – Раководител на Сектор РА Продукција – 1 (еден) извршител.**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

-Високо образование - најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 Степен - Електроника и автоматика, телекомуникационо инжинерство или комјутерска техника и информатика;

-најмалку три години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку пет години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда;

-познавање на еден светски јазик.

**Покрај ова давателот на услуга треба да ги исполнува и следните услови:**

- да е на работно место на пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на работно место во МРТ; и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Неделното работно време на Раководител на Сектор се утврдува со работните задачи кои одговараат на полното работно време од 40 часа неделно.

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
Бул. Гоце Делчев бр.18 1000 Скопје
www.mrt.com.mk

Паричен нето износ на плата: 41.367,00 денари.

Заинтересираните кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место преку Архивата на МРТ до Одделението за човечки ресурси со назнака „за интерен оглас број 23/2020„

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни,а доставените докази верни на оригиналот.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) работни дена од денот на објавување на огласот.

Условите наведени во интерниот оглас,кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавување.

Ненавремена,нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разфледување.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка по овој оглас.

Постапката ќе ја спроведува Комисија за селекција за унапредување формирана од страна на Директорот на ЈРП МРТ.

Комисијата за селекција за унапредување до Директорот на МРТ ќе достави предлог-одлука за избор на кандидат.

Интерниот оглас ќе биде објавен на огласната табла на МРТ и на ВЕБ страната на МРТ.

Директор на ЈРП МРТ

Марјан Цветковски